Комерцијална банка

ул. Васил Иљоски бр. 3
1000 Скопје • П. Фах 563
S.W.I.F.T.: KOBSMK2X
Контакт центар: 02 / 3296 800
contact@kb.mk • www.kb.mk

**Комерцијална банка АД Скопје**
**Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност**
Васил Иљоски бр.3
1000 Скопје

**Понуда за преземање**

Комерцијална банка АД Скопје, банкарска институција регистрирана во Република Северна Македонија со службена адреса на Васил Иљоски бр.3, 1000 Скопје (во понатамошниот текст „Банката"), во име и за сметка на Друштвото за производство и трговија Раде Кончар - Трансформатори и Електрични постројки - ТЕП Дооел Скопје, со седиште на Бул. 3-та Македонска Бригада бр.52, 1000 Скопје, со ЕМБС 6095968 (во понатамошниот текст „Преземачот"), во согласност со член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва (Службен весник на РСМ бр.69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и 31/2020), ја дава следнава

**ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**

на сите акции издадени од Акционерското друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема „Раде Кончар - Апаратна техника", Скопје („Раде Кончар - Апаратна техника" АД Скопје) со седиште на Бул. 3 -та Македонска Бригада ББ, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија, регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија со даночен број MK4030977259488 и ЕМБС 4053222 (во понатамошниот текст Раде Кончар - Апаратна техника АД Скопје).

1. Понудата за преземање се однесува на:

- Вид и род: Понудата за преземање се однесува на обични акции со право на глас издадени од Раде Кончар - Апаратна техника АД Скопје.

- Број на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање: Понудата за преземање се однесува на сите 151.709 обични акции со право на глас издадени од Раде Кончар - Апаратна техника АД Скопје со ИСИН број: MKRADE101010, освен 51.557 обични акции со право на глас кои се во сопственост на преземачот и лицата кои дејствуваат заеднички со него и 2.964 обични акции на кои им е регистрирано ограничување на правото на глас кои се во сопственост на Друштвото за производство и трговија Раде Кончар - Трансформатори и Електрични постројки - ТЕП Дооел Скопје.

2. Понудата за преземање се однесува на сите акционери кои поседуваат акции со право на глас издадени од Раде Кончар - Апаратна техника АД Скопје.

   Преземачот се обврзува да ја купи секоја обична акција со право на глас издадена од Раде Кончар - Апаратна техника АД Скопје во согласност со пропишаните и објавените услови.

Комерцијална банка

ул. Васил Иљоски бр. 3
1000 Скопје • П. Фах 563
S.W.I.F.T.: KOBSMK2X
Контакт центар: 02 / 3296 800
contact@kb.mk • www.kb.mk

3. Преземачот се обврзува да ги откупи сите 151.709 обични акции со право на глас по цена од 2.435,00 денари по акција.

   Преземачот ја утврди цената врз основа на највисоката цена по која, преземачот и лицата кои дејствуваат заеднички со него ја платиле за купување на акции издадени од Раде Кончар - Апаратна техника АД Скопје во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање.

   Понудената цена од 2.435,00 денари по акција е повисока од просечната цена на обичните акции издадени од Раде Кончар - Апаратна техника АД Скопје, постигната на Македонската Берза за хартии од вредност во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање.

   На имателите на хартии од вредност нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на понудата за преземање, односно сите трошоци во врска со понудата за преземање ги сноси Преземачот.

4. Преземачот на сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност предаде банкарска гаранција во вкупен износ од 369.411.415,00 денари, согласно член 34 од Законот за преземање на акционерски друштва.

   Плаќањето на акционерите кои ја прифатиле понудата за преземање се врши со исплата на парични средства од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност во рокот предвиден во член 50 од Законот за преземање на акционерски друштва, односно ро рок од 8 (осум) дена по приемот на Решението од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија со кое се утврдува успешноста на понудата за преземање.

5. Рокот на прифаќање на понудата за преземање започнува од денот на првото објавување на понудата за преземање, и ќе заврши 28 календарски дена по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

   Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на 01.10.2025 година и завршува на 28.10.2025 година.

6. Понудата за преземање се однесува на сите акции определени во точка 1.

   Не се определува најмала количина на обични акции со право на глас на кои се однесува Понудата за преземање која треба да биде прифатена за Понудата за преземање да се смета за успешна.

7. Понудата за преземање е дадена без услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерски друштва.

Скопје, 01.10.2025 година

Комерцијална банка АД Скопје

комерцијална банка АД Скопје 499